Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Осмата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 9 февруари 2020 година**

**Скопје, февруари 2020 година**

**З А П И С Н И К**

**од Осмата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 9 февруари 2020 година**

Седницата започна во 22:20 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, членовите на Владата на Република Северна Македонија, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Рашела Мизрахи, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваше и Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки и членовите на Владата на Република Северна Македонија, Хусни Исмаили, министер за култура, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора и д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог-закон за јавното обвинителство, по скратена постапка

2. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за Советот на јавните обвинители на Република Македонија, по скратена постапка

3. Анализа за проценка на економска оправданост на изградба на карго аеродром во Штип, изготвена согласно член 41-а од Законот за концесии и јавно приватно партнерство

4. Кадровски прашања

5. Прашања и предлози

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа Предлог-законот за јавното обвинителство, по скратена постапка и го утврди со следниве заклучоци:

1. Во член 61 став (2) од Предлог-законот, зборовите „се води сметка за принципот на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници" да се изменат во насока да се применува принципот на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници.

2. Во член 101, став (1) да се допрецизира во насока дека процентот од 0,4% ќе се реализира доколку не се наруши праведната распределба на буџетските средства и нормалното функционирање на буџетот.

3. Во член 113 да се усогласи денот на влегување во сила со денот на отпочнување на примена на законот.

4. Пречистениот текст на Предлог-законот за јавното обвинителство, по скратена постапка, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Рената Дескоска, министер за правда, Едмонд Адеми, министер без ресор задолжен за дијаспора, Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација и Дејан Павлески, заменик на министерот за локална самоуправа, а за повереници м-р Фатон Сељами, државен секретар во Министерството за правда и м-р Никола Прокопенко, државен советник во Министерството за правда.

Текстот на Предлог-законот е утврден со два гласа против.

Истовремено, Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлог - законот за јавното обвинителство, по скратена постапка доставен до Собранието на Република Северна Македонија со писмо бр. 45-1849/3 од 23 јули 2019 година.

**Точка 2**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за Советот на јавните обвинители на Република Македонија, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1.Во Предлог-законот да се внесе повикување на Законот за употреба на јазиците согласно кое Советот за јавни обвинители во својата работа ќе ги применува одредбите од овој закон.

2. Во член 41 од Предлог-законот да се предвиди двојно (бадентерово мнозинство) за избор на јавните обвинители во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

3. Во член 28 од Предлог-законот да се усогласи денот на влегување во сила со денот на отпочнување на примена на законот.

4.Пречистениот текст на Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за Советот на јавните обвинители на Република Македонија, по скратена постапка, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Рената Дескоска, министер за правда, Едмонд Адеми, министер без ресор задолжен за дијаспора, Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација и Дејан Павлески, заменик на министерот за локална самоуправа, а за повереници м-р Фатон Сељами, државен секретар во Министерството за правда и м-р Никола Прокопенко, државен советник во Министерството за правда.
Текстот на Предлог – законот е утврден со два гласа против.

Истовремено, Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлог – законот за изменување и дополнување на Законот за Советот на јавните обвинители на Република Македонија, по скратена постапка доставен до Собранието на Република Северна Македонија со писмо бр.45-1645/3 од 23 јули 2019 година.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Анализата за проценка на економска оправданост на изградба на карго аеродром во Штип, изготвена согласно член 41-а од Законот за концесии и јавно приватно партнерство и ја прифати со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за транспорт и врски, во соработка со Министерството за економија, Министерството за финансии, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Секретаријатот за законодавство во рок од седум дена да подготви и до Владата да достави предлог - одлука за склучување на Анекс на Договорот за концесија склучен помеѓу Република Северна Македонија, како надлежен орган и ТАВ Македонија ДООЕЛ Мралино, Илинден како инвеститор и ТАВ Хавалиманлари Холдинг A.S., како референтен оператор, од 24.9.2008 година за промена на намената на делот од средствата наменети за изградба на карго аеродромот Штип за инвестирање на објекти од јавен интерес, а за која ќе обезбеди претходна согласност од концесионерот, согласно член 41-а од Закон за концесии и јавно приватно партнерство.

**Точка 4**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 5**

**1.** Владата го одложи разгледувањето на Известувањето, со предлог – заклучоци за филмот „Медена земја", доставено од Министерството за култура, за наредната седница на Владата, која ќе се одржи на 10 февруари 2020 година во Охрид, поради потребата Министерството за финансии да се произнесе по предлогот од Министерството за култура.

**2.** Владата заклучи Заклучокот бр.3 од 171-та седница на Владата, одржана на 16.12.2019 година, усвоен по Информацијата за потребата од донесување на Закон за дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци - Штип и патна делница Кичево – Охрид, заради склучување Анекс бр.4 кон Договорот за изградба на автопат, делница Кичево – Охрид, со Предлог – закон, по скратена постапка и текст на Анекс бр.4 кон договорот за изградба на автопат, делница Кичево – Охрид помеѓу Јавното претпријатие за државни патишта и Sinohydro Corporation Limited, да се измени и да гласи:

„3. Се овластуваат Оливер Спасовски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски и Зоран Китанов, директор на Јавното претпријатие за државни патишта, да го потпишат Анексот бр.4 кон Договорот за изградба на автопат, делница Кичево - Охрид бр.08-9012/1 од 12.11.2013 година, помеѓу Јавното претпријатие за државни патишта и Sinohydro Corporation Limited, по донесување на Законот за дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци – Штип и патна делница Кичево Охрид и објавување на истиот во Службен весник на Република Северна Македонија."

**3.** Владата по повод укажувањето на д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања заклучи да се задолжат сите министри кои имаат надлежност за поглавјата од Придонесот на Република Северна Македонија кон Годишниот извештај на Европската комисија, најдоцна до 15 февруари 2020 година до Секретаријатот за европски прашања да го доставаат Придонесот на македонски и на англиски јазик.

**4.** Владата ја донесе Одлуката за поништување на решенија за распоредување на работно место, во предложениот текст.

Одлуката е донесена со еден глас против.

*
* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 00:25 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**